Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 02-726/1
01.11 2019 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 38 од Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 448/2019), Деканот на Факултетот за музичка уметност – Скопје, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 11 (единаесет) членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

### Член 2

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 27.11.2019 година (среда), во Големата сала на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во период од 12-15 часот.

### Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во следниот состав:

1. Вонр. проф. д-р Александар Димитријевски, наставник,
2. Доц. м-р Сара Пројковска Николовска, наставник,
3. Јана Каевска, студент,
4. Сена Рамадани, студент и
5. Фросина Вандевска, студент.

### Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка;
- избира избирачки поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, за спроведување на изборите по години на студии;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
- ги утврдува резултатите од гласањето;

- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство за спроведување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст: Упатството).

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот за музичка уметност – Скопје, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

**Член 5**

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 6**

Кандидатите за претседател на Факултетско студентско собрание преку архивата на факултетот поднесуваат пријава до Изборната комисија најдоцна до 13 ноември 2019 година.

Кон пријавата треба да се достави и:

- Програма за работа;
- Потврда за редовен студент издадена од Одделението за студентски прашања.

Кандидатите за членови во Факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание.

Собирите на студенти по години ќе се спроведат во следните термини:

- Собирот на студенти од прва година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 9 часот во Големата концертна сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од втора година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 10:30 часот во Големата концертна сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од трета година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 12 часот во Големата концертна сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од четврта година ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 13:30 часот во Големата сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од постдипломски студии и на студенти од докторски студии ќе се одржи на ден 12 ноември 2019 година со почеток во 9 часот во Големата концертна сала на Факултетот.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии и тоа:

- два претставници од прва година;
- два претставници од втора година;
- два претставници од трета година;
- два претставници од четврта година;
- три претставници од постдипломски студии и докторски студии.

**Член 7**

Врз основа на спроведените собири на студенти по годинии, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4 став (1) алинеја 2 на оваа одлука најдоцна до 18 ноември 2019 година (понеделник).

**Член 8**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2019/2020 година.

За Претседател на факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

За избран претседател и членови на факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кој/и добил/е најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на web страната на факултетот и да се достави поединечно до сите студенти на нивните маил адреси.

Декан,
проф. м-р Живко Фирфов

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ * ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА